Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип............ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип............ 74

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ МАШИНСТВО НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- ШТИП**

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на седницата одржана на 23 февруари 2011 г. донесе Одлука (бр.2702-38/22) за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден ***помлад асистент/асистент*** за наставно-научното поле ***машинство*** на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во состав:

1. доц. д-р Симеон Симеонов (претседател),
2. -доц. д-р Ангел Тасевски (член),
3. доц. д-р Радомир Цветаноски (член).

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм", на 9 април 2011 г., за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје *машинство* се пријавил Дамјан Мирчевски, магистер по машински науки.

По приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Комисијата го приложува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен дневните весници „Дневник" и „Лајм" на на 9 април 2011 г., за избор на еден помлад асистент/асистент (член129/130) се пријавил кандидатот Дамјан Мирчевски, магистер по машински науки.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дамјан Мирчевски** е роден на 8 јуни 1986 г. во Скопје. На 26 декември 2008 г. завршува додипломски академски студии во траење од четири години и остварени 240 ЕКТС кредити на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје, насока Автоматика и флуидно инженерство, при што се стекнува со право на стручен назив **дипломиран универзитетски инженер по машинство**. Постигнат успех 9,61.

Завршува магистерски студии на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје на 26 февруари 2010 г., студиска програма Автоматика и флуидно инженерство и се стекнува со назив **магистер по технички науки од областа на машинство**. Постигнат успех 10. Магистерскиот труд е со наслов „*Компјутерска симулација, методи на пресметка и анализа на пресметката на гасоводните прстенести мрежи*".

***Професионални активности***

Кандидатот м-р Дамјан Мирчевски се вработува во „СИЛВЕР АТАР - ПСА" – Скопје, Агенција за обезбедување на имоти и лица (обезбедување и опрема за техничко обезбедување и друга сигурносна опрема) на работно место економски директор, каде што работи од 24 март 2005 до 23 септември 2009 година. Од септември 2010 година до денес работи во „ЛИОНИ ГРОУП" - Скопје, Друштво за производство и трговија (проектирање и изведба на машински постројки и консултантски услуги од областа на машинството, трговија на големо и мало со машини и опрема, продажба и сервис на медицинска апаратура и опрема) на работно место управител.

***Членство во организации***

- Член на Советот на Општина Центар од 2010 година.
- Претседател на Координативно тело на урбани заедници на Општина Центар од јуни 2006 година.
- Претседател на Урбана заедница Миле Арсовски при Општина Центар од март 2006 година.
- Член на Управниот одбор на Националната агенцијата за европски образовни програми и мобилност.
- Претседател на Извршниот одбор на НВО „ЕДУСАТИОН ПЛУС-МАКЕДОНИЈА“ од ноември 2003 година (унапредување на образование и младинска политика).
- Претседател на Извршен одбор НВО „АКЦЕНТ“ (Унапредување на социјалните права, кариера на социјални политики и социјална инклузија).
- Член на Извршен одбор НВО „ЛЕО“ (Воздржлив развој и унапредување на животната средина).
- Член на Извршен одбор НВО „Е-млади“ (Младинска едукација).
- Член на Извршен одбор НВО „ЕЛИКСИР ПЛУС“ (Промоција за здрав живот кај младите).

***Други достигнувања***

Добитник на највисоки признанија на Општина Центар, награда ФЕНИКС за посебни заслуги во интерес на Општината, со развојот на платформа за моделирање, проектирање, пресметка и управување со гасоводни мрежи на Општина Центар, применлива и на мрежа за водоснабдување во урбани средини.

Компјутерски вештини: Microsoft Office, Auto Cad, Math LAB, Math Works, Adobe Photoshop, Corel draw, Fron Page, Water Cad, Pascal.

Познавање на странски јазици: англиски јазик – активно, бугарски јазик – активно, германски јазик – пасивно.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Дамјан Мирчевски го исполнува условот за избор во помлад асистент во наставно-научното поле *машинство* на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот **м-р Дамјан Мирчевски** да биде избран за **помлад асистент** во наставно-научното поле ***машинство*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Симеон Симеонов, доцент, с.р.**
**Д-р Ангел Тасевски, доцент, с.р.**
**Д-р Радомир Цветаноски, доцент, с.р.**